МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## ШТО Е ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА?

Според Законот за животна средина во Македонија, сите нови големи проекти подлежат на постапка за оцена на влијание врз животната средина (ОВЖС). Надлежен орган за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина е Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП).

Оцена на влијанието врз животната средина се спроведува за различни видови на проекти, кои поради нивниот карактер, обем или локација на која се изведуваат можат да имаат значително влијание врз животната средина. Проектите кои подлежат на постапката за оцена на влијанието врз животната средина се дадени во Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 74 од 05.09.2005 година). Целта на оцената на влијанието врз животната средина е да се направи проценка на потенцијално значајните влијанија кои би произлегле од реализација на проектот, и доколку е можно истите да се избегнат. Во случаи кога тоа не е можно, негативните влијанија треба да се намалат.

**Јавноста има можност да учествува во сите клучни фази на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Постапката за оцена на влијанието врз животната средина претставува добра можност за јавноста да добие пристап до информациите релевантни за проектот кој е предмет на оцената.**

**Не е дозволено да се преземаат било какви активности за спроведување на проектот додека трае процесот на ОВЖС и додека МЖСПП не издаде Решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот.**



**Ова се некои примери на проекти за кои вообичаено се спроведува ОВЖС:**

- Рафинерии за нафта;
- Термо-централи за производство на струја;
- Интегрирани хемиски инсталации;
- Изградба на пруги и автопати;
- Инсталации за согорување на отпад;
- Пречистителни станици за отпадни води;
- Цевководи за транспорт на гас, нафта или хемикалии;
- Инсталации за производство на цемент;
- Фабрики за штавење на кожи и крзна;
- Изградба на далноводи;
- Проекти за управување со вода во земјоделието;
- Инсталации за преработка на железо;
- Производство на млечни производи;
- Фабрики за предтретман или боење на влакна или текстил; и перење на волна;
- Жичарници, ски лифтови и кабини;
- Постојани кампови и стоваришта;
- Складирање на остатоци од метал и остатоци од стари возила;
- Површинско складирање на природен гас;
- Длабинско дупчење.

# КАКО СЕ СПРОВЕДУВА ПОСТАПКАТА ЗА ОЦЕНА

**Постапката за оцена на влијанието врз животната средина има три фази:**

1. Утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина,
2. Определување на обемот на оцена на влијанието врз животната средина, и
3. Преглед на студијата за оцена на влијанието врз животната средина.

## 1. ПРВА ФАЗА:

### Постапка за утврдување на потребата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина

Во оваа фаза се донесува основната одлука дали проектот подлежи на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку проектот е утврден со листите во прилозите од Уредбата, тогаш се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Може да се одлучи дека е потребна оцена на влијанието врз животната средина и за проекти чија големина е под капацитетите пропишани со листите, како и за проекти чија изведба е планирана во осетлива животна средина. Исто така, може да се случи предложениот објект да биде лоциран непосредно до постоечки објект, и во тој случај треба да се земе предвид големината и влијанието од двата објекти заедно.

## 2. ВТОРА ФАЗА:

### Определување на обемот на оцената на влијанието врз животната средина

- МЖСПП го определува обемот на ОВЖС со цел да ги утврди прашањата кои мора да бидат одговорени во студијата за оцена на влијанието врз животната средина.
- МЖСПП има изготвено Листа на проверка со прашања кои ќе мора да бидат земени предвид при оцената на влијанието врз животната средина. Со прегледувањето на оваа листа се идентификуваат најзначајните прашања кои треба да бидат вклучени во студијата за оцена на влијанието врз животната средина, и истите се презентираат на инвеститорот.

**Извадок од Листата на проверка:**

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определувањето на обемот на ОВЖС | Да/Не? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 1. Дали изградбата, работењето или затворањето на проектот ќе содржи активности кои ќе предизвикаат физички промени на локалитетот (топографија, користење на земјиштето, промени во водните тела, итн.)? | | | | |
| 1.1 | Трајна или привремена промена на употребата на земјиштето, на земјишната покривка или на топографијата, вклучително и зголемувања во интензитетот на употреба на земјиштето? | | | |
| 1.2 | Расчистување на постоечко земјиште, вегетација и градби? | | | |
| 1.3 | Создавање на нови употреби на земјиштето? | | | |

- По изготвување на обемот на оцената на влијанието врз животната средина, истиот се објавува во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на Интернет страницата, како и на огласна табла на МЖСПП со што јавноста ќе може да се запознае со барањата кои МЖСПП му ги поставува на инвеститорот.



# НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА?

**Што е студија за оцена на влијанието врз животната средина?**

Студија за оцена на влијанието врз животната средина е документ кој прави анализа како најдобро да се спречат, а ако тоа не е можно како да се намалат на минимум негативните влијанија врз животната средина во врска со прашањата содржани во обемот на оцената на влијанијата врз животната средина.

**Кои информации треба да ги содржи студијата За оцена на влијанието врз животната средина?**

Бараните информации можат најдобро да се разберат со разгледување на Правилникот за содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието врз животната средина, базиран на извадок од Анексот III од Директивата на ЕУ за ОВЖС:

**Студијата треба:**

**1.** Да содржи опис на проектот заедно со информации за локацијата, карактерот и големината на проектот и на потребната земјишна површина;
**2.** Да содржи опис на животната средина и на нејзините медиуми на локацијата;
**3.** Да содржи опис на природното, културното и историското наследство и на пределот;
**4.** Да содржи опис на видот и количините очекувани емисии, особено на емисиите во воздухот и отпадните води, цврстиот отпад, како и други информации потребни за евалуација на поголемите влијанија на проектот врз животната средина;
**5.** Да содржи опис на мерките за спречување, намалување и елиминирање на влијанието врз животната средина, како и на мерките за враќање во поранешната состојба;
**6.** Да содржи опис на влијанијата на проектот врз животната средина имајќи го предвид нивото на развој на науката и прифатените методи за евалуација;
**7.** Да содржи опис на карактеристиките на технологијата која се користи;
**8.** Да содржи опис на алтернативните решенија за реализација на проектот што инвеститорот ги имал предвид и главните причини за избирање на предложената алтернатива; секогаш се вклучува и нултата алтернатива;
**9.** Да содржи резиме на доставената студија без технички детали;
**10.** Да содржи анализа на потешкотиите (технички недостатоци или недостиг на знаења) со кои инвеститорот или експертот биле соочени за време на подготовката на студијата; и
**11.** Да содржи предлог за големината и карактеристиките на промената поради која е потребно да се ажурира студијата за оцена на влијанието врз животната средина.



**3. ТРЕТА ФАЗА:**

**Преглед на соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина**

Откако ќе се подготви, студијата за оцена на влијанието врз животната средина се доставува до МЖСПП.

МЖСПП објавува во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, како и на локалните радио и ТВ станици дека студијата за оцена на влијанието врз животната средина е подготвена и достапна на јавноста. Во објавата е назначено местото и времето во кое јавноста може да ја разгледа студијата во целост и да се информира за работите кои ја интересираат и кои се важни за формирање на мислење.

Своите мислења и коментари јавноста ги доставува до МЖСПП во писмена форма, а може да ги искаже и на јавната расправа која МЖСПП ја организира во врска со студијата.

МЖСПП ја прегледува студијата за оцена на влијанието врз животната средина и доколку забележи недостатоци, истата ја враќа до инвеститорот на дополнување. По добивањето на целосната студија, МЖСПП ја проверува соодветноста на студијата и изготвува т.н. извештај за соодветноста на студијата.

Врз основа на студијата, извештајот за соодветноста и **мислењата** и **коментарите добиени од јавноста,** МЖСПП носи решение со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проект.

**И во двата случи инвеститорот и јавноста имаат право на жалба по решението до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина.**

**Органот кој издава дозвола за спроведување на проектот, нема да ја издаде истата, доколку инвеститорот не приложи решение за спроведување на проектот издадено од МЖСПП, а врз основа на студијата за оцена на влијанието врз животната средина.**

# ОЦЕНИ НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОДГОВОРИ НА ВАШИТЕ ПРАШАЊА

## КОЈА Е ГЛАВНАТА ЦЕЛ НА ОЦЕНАТА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА?

Главната цел на ОВЖС е да ги предвиди потенцијалните штетни влијанија врз животната средина и да ги избегне или намали таквите штетни влијанија, при што истовремено треба да се доведат во рамнотежа целите во однос на животната средина, социјалните и економските цели.

## КОИ РАБОТИ ПОВРЗАНИ СО ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ТРЕБА ДА СЕ ЗЕМАТ ПРЕДВИД ВО ОПШТАТА ПРОЦЕНКА?

При спроведување на ОВЖС секогаш треба да се земат предвид мерките за спречување, ограничување, ублажување и намалување на штетните влијанија врз животната средина кои би настанале како резултат на изведување на проектот. ОВЖС треба да даде проценка на очекуваните ефекти од предложените мерки. Ништо помалку важно не е ни разгледувањето на можните алтернативни локации за изведување на проектот, а со цел да се намали влијанието врз животната средина.

## КАДЕ МОЖАМ ДА ДОБИЈАМ ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ОЦЕНАТА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА?

Општото упатство за оцена на влијанието врз живтната средина и подетални информации за оцена на влијанието врз животната средина за одредени видови проекти можат да се добијат на web страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање (www.moepp. gov.mk). Исто така, информации можат да се добијат во самото Министерство, како и во Вашата локалната самоуправа.

Посетете ја web страницата на Министерството, можеби веќе има информации за проект за чие што влијание сте заинтересирани.

**Следниов дијаграм ги претставува основните процедурални и содржински елементи на постапката за утврдување на потребата од ОВЖС:**





**ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ И КОНТАКТ**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ • КАНЦЕЛАРИЈА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

**ул. Даме Груев бр. 7, Градски ѕид - Блок 4, 1000 Скопје**

**Информации може да се добијат од понеделник до петок од 8.30 до 16.30 часот**

**Контакт телефони: 02/3 229 808 или 02/3 229 717 • E-mail pro@moe.gov.mk**



Брошурата е издадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), а е подготвена со помош на проектот Зајакнување на управувањето со животната средина, финансиран од ЕУ, а раководен од Европската агенција за реконструкција.